## ТЕРМИНСКИ ПЛАН
## за прием и извршување на платни налози/инструменти во Централна кооперативна банка АД Скопје

### 1. Прием на платен налог/платен инструмент

**1.1.** Моментот на прием на платен налог е моментот кога Банката го прима платниот налог поднесен од Корисникот на еден од начините понудени од Банката (на шалтер во експозитурите, преку електронско банкарство ccbonline или ccbmobile, или со платежна картичка)
**1.2.** Банката ја задолжува платежната сметка на Корисникот веднаш по приемот на платниот налог;
**1.3.** Доколку моментот на прием на платниот налог е во неработно време или неработен ден за Банката, се смета дека платниот налог е примен наредниот работен ден;
**1.4.** Банката врши прием на налози за плаќање во рамките на работното време за давање услуги на клиентите, и тоа,

| Валута | Систем на плаќања | Краен рок за прием на платен инструмент според начин на доставување достапен преку Банката | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На шалтер | CCBOnline | CCBMobile | Платежна картичка |
| МКД | Интерно (во рамките на Банката) | 08:00 до 16:00 час | 00:00 до 23:59 час | 00:00 до 23:59 час | 00:00 до 23:59 час |
| МКД | КИБС (мали плаќања до 1 милион мкд) | 08:00 до 14:00 час | 00:00 до 23:59 час | 00:00 до 23:59 час | 00:00 до 23:59 час |
| МКД | МИПС (големи и итни плаќања) | 08:00 до 16:00 час | 00:00 до 23:59 час | 00:00 до 23:59 час | 00:00 до 23:59 час |
| EUR | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 14:00час | 08:00 до 14:30 час | 08:00 до 14:30 час | |
| USD | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 14:00 час | 08:00 до 14:00 час | 08:00 до 14:00 час | |
| GBP | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 12:00 час | 08:00 до 12:00 час | 08:00 до 12:00 час | |
| CHF | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 12:00 час | 08:00 до 12:00 час | 08:00 до 12:00 час | |
| CAD | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 14:00 час | 08:00 до 14:00 час | 08:00 до 14:00 час | |
| DKK | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 10:00 час | 08:00 до 10:00 час | 08:00 до 10:00 час | |
| NOK | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 10:00 час | 08:00 до 10:00 час | 08:00 до 10:00 час | |
| SEK | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 10:00 час | 08:00 до 10:00 час | 08:00 до 10:00 час | |
| AUD | SWIFT (девизни плаќања) | 08:00 до 14:00 час | 08:00 до 14:00 час | 08:00 до 14:00 час | |
| EUR | SEPA CT (Плаќања во евра во СЕПА платежна шема) | 08:00 до 13:00 час | 08:00 до 13:00 час | 08:00 до 13:00 час | |

**1.5.** Исклучок од претходната точка е времето во кое во Банката се извршуваат дневни процедури за затворање на тековниот и отворање нов работен ден;
**1.6.** Доколку Корисникот и Банката се договорат платниот налог да се изврши на одреден ден или наредниот ден по истекот на договорениот рок или на денот кога Корисникот ќе обезбеди доволно парични средства за извршување на налогот, за момент по приемот на платниот налог се смета договорениот ден, а доколку овој ден е неработен ден за Банката - следниот работен ден;
**1.7.** Во случај кога се исполнети сите услови предвидени со рамковниот договор, а корисникот е налогодавач, Банката нема право да го одбие извршувањето на доставен платен налог, без разлика дали е поднесен од страна на корисникот, вклучително и преку друг давател на платежни услуги за иницирање плаќање, или од страна на примачот, освен кога постои ограничување за извршување на платниот налог согласно прописите;

**1.8.** Банката има право да побара од Корисникот да обезбеди и достави дополнителни податоци и/или документи поврзани со основот за иницирањето на платниот налог или трансакција со која се врши плаќањето, во согласност со барањата на важечката законска регулатива. Во случај на одложување или одбивање на корисникот да и ги достави на Банката бараните дополнителни информации и/или документација за трансакцијата за плаќање, Банката има право привремено да ја ограничи сметката на Корисникот отворена кај неа за извршување на дејствијата за одлив на средствата на примачот, или да одбие да се изврши платежната трансакција;
**1.9.** Доколку Банката одбие извршување на платниот налог, се смета дека платниот налог не е примен во Банката;
**1.10.** Во случај кога Банката ќе одбие извршување на платен налог или иницирање на платежна трансакција преку друг давател на платежни услуги, за одбивањето, и доколку е можно, и за причините што довеле до одбивањето, го известува Корисникот, освен ако истото е спротивно на прописите за давање такви информации;

**1.11.** Банката има право да наплати провизија за давање известување доколку одбивањето да се изврши платен налог или иницирање на платежна трансакција е објективно оправдано, во износ согласно Одлуката за Тарифата на надоместоци;
**1.12.** Корисникот се обврзува да и помогне на Банката во случај на потреба да се разјаснат банкарските операции извршени од него или износите добиени на неговите сметки, како и да и обезбеди на Банката дополнителни информации и/или документи кои може да му ги побара во врска со исполнувањето на обврските од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам. Во случај на неисполнување на обврските на Корисникот од оваа точка, Банката го задржува правото да одбие извршување на платен налог/инструмент и еднострано да го прекине деловниот однос со Корисникот;
**1.13.** Кредитните трансфери во евра кои се насочени кон платежна шема во Единствената област за плаќање во евра СЕПА се извршуваат само во работните денови предвидени како официјални работни денови од календарот на дирекниот учесник во платежната шема СЕПА и платниот систем Општи услови за склучување рамковни договори за отворање и одржување на платежни сметки и за користење на платежни услуги 16 ТАРГЕТ2. Времето за извршување на налозите СЕПА КТ кон платежната шема СЕПА во евра се вршат истот работен ден со тековен ден на валута во рамките на определеното време од терминскиот план за извршување на платни налози.

## 2. Рокови за извршување на платен налог/платен инструмент

**2.1.** При извршување на платежни трансакции во денари помеѓу даватели на платежни услуги кои учествуваат во платниот систем МИПС (итни и големи плаќања), или во платен систем кој има пристап до МИПС, платежната сметка на примачот кај неговиот давателот на платежнни услуги се одобрува истиот работен ден, во кој е примен платниот налог кај давателот на платежни услуги каде е инициран платниот налог;
**2.2.** Во случај кога платежната трансакција во денари е иницирана од давател на платежни услуги кој учествува во платниот систем КИБС (мали плаќања), платежната сметка на примателот на средствата се одобрува после моментот на извршеното порамнување помеѓу учесниците во платниот систем КИБС;
**2.3.** При извршување на платежни трансакции во кои Крисникот кој иницира плаќање и Корисник на чија сметка се пренесуваат средствата се кај ист давател на платежни услуги и кој ги одржува двете сметки, (интерно) платежната сметка на давателот и платежната сметка на примателот на средствата се задолжува односно одобрува во истиот момент на извршување на трансакцијата;
**2.4.** Кога корисникот е примател на средства на сметка во Банката, Банката обезбедува дека примениот износ е достапен на неговата платежна сметка најдоцна до крајот на тековниот работен ден во кој сметката на Банката е одобрена за износот од трансакцијата;
**2.5.** Во случај кога корисникот ќе депонира пари во готовина на платежната сметка кај Банката во валутата во која е отворена соодветната платежна сметка, Банката го става на располагање уплатениот износ и ја утврдува состојбата на сметката веднаш по моментот на приемот на средствата;
**2.6.** Доколку Корисникот иницира налог за исплата на готовина од неговата платежна сметка кај Банката, Банката веднаш ја задолжува сметката за износот на исплатата и ја утврдува состојбата на сметката;
**2.7.** При извршување на платежни трансакции во валута различна од денари, роковите за извршување се согласно датумот на валута наведен во примениот платен налог, но најдоцна третиот работен ден по денот кога е примен платниот налог.

Скопје, октомври 2025 година